# Највело општина 2023

## Текстуална анализа на одговорите

## Содржина


Вовед

Начин на оценување одговори

Конечна бодовна листа

Одговори и бодувања

Прилози на анализата

## Вовед

Во овој документ се напишани и анализирани одговорите од општините кои добиле повеќе од 1 бод и дел од тие кои добиле 0 бодови.

Пример:

a. **Центар** **3 бодови**

*Причина за бодувањето:* **покриен е голем дел од институциите и на сликите се гледа дека се со функционален дизајн**

- Паркинзи за велосипеди се поставени во дворот на Општината и на патеките пред Општината, како и во сите (8) основни општински училишта и градинки. Вкупно се поставени околу 200 паркинзи за велоспеди..
- Општина Центар- Скопје, во рамките на Комуналната програма, под-програма Урбана опрема, спроведе активности за поставување паркинзи за велосипеди на различни локации во општината. Со цел да се обезбедат патеките за велосипедите на новите улици, поставени се:

1. 500 метални и 300 пластични столпчиња, со кои се одделува патеката од улицата.
2. Воедно поставени се 50 лежечки полицајци за успорување на возилата на новите улици. Исто така поставени се и 300 држачи за велосипеди.

---

Истото бодување е прикажано во оваа табела, но без текстуалниот дел - Анализа на бодови - Google Sheets

Одговорите од општините можете да ги видите на овој линк, во тој фолдер. Таму се сите опширни одговори и фотографиите.

---

## Начин на оценување одговори

Методологија:

| Број | Прашање | Вкупно поени | Приоритет за бодување (1 - најголем, 10 - најмал) | Објаснување за бодувањето | Арачиново |
|---|---|---|---|---|---|
| 8 | Дали Вашата општина јавно ги споделува проектите за улиците кои ги изведува и на кој начин? | 4 | | Најмногу поени носат активности поврзани со транспарентно и навремено известување на јавноста, на што повеќе начини. | 1.5 |
| 8.1 | Ги огласува на огласна табла во објектот на општината | | 3 | | |
| 8.2 | Ги огласува на веб сајт | | 2 | | 0.5 |
| 8.3 | Ги огласува на социјални медиуми | | 1 | | 1 |
| 8.4 | Ги огласува на класични медиуми | | 1 | | |
| 8.5 | Друго | | | | |

1. Ако одговорот ги опфаќа некои од предложените одговори во методологијата се гледа како се рангирани по приоритет.
2. Повисок приоритет = повеќе бодови
3. Во дадениот пример за прашање бр. 8 максимално може да добие 4 бодови. Арачиново со својот одговор добиле 0.5+1 бод, вкупно 1.5 бод.

---

На општините им се доделени посебни бои за полесно следење на добиените бодови во документите.
Општините кои не пратија одговор имаат иста боја.

---

**Конечната бодовна листа**

| Општина | Бодови |
|---|---|
| Аеродром | 13 |
| Арачиново | 9.5 |
| Бутел | 1 |
| Гази Баба | 8 |
| Ѓорче Петров | Не е добиен одговор |
| Зелениково | 0 |
| Илинден | 16.5 |
| Карпош | 25 |
| Кисела Вода | 2.5 |
| Петровец | 1 |
| Сарај | 0 |
| Сопиште | Не е добиен одговор |
| Студеничани | Не е добиен одговор |
| Центар | 49.5 |
| Чаир | 10 |
| Чучер Сандево | Не е добиен одговор |
| Шуто Оризари | 0 |

По средбата на 25.07.2023 можно е да има промени во бодовите, зависно од забелешките на комисијата.

**Одговори и бодувања**

1. **Прашање бр 1:**

Доставете ни информација за вкупно **поставено паркинзи за велосипеди во периодот октомври 2021 - април 2023**? (Колку паркинзи на број, за колку вкупно велосипеди, за кои **општински институции** (општински објекти, училишта, градинки, пазари, библиотеки)? Колкав процент од општинските институции се „покриени" со паркинг за велосипеди?

**a. Аеродром - 1 бод**

*Причина за бодувањето:* **Пратени се слики - На сите општински објекти од кои има слики паркинзите се чешел (и личат ко да се постари од 2021)**

**b. Арачиново - 0 бод**

*Причина за бодувањето:* **нема актулени паркинзи за наведениот временски период**

1.1.Капацитетот на паркинзите за велосипеди кај институциите од јавен интерес е предвиден според проектите за изведба на истите. **Во тек** се активности за опремување на истите со адекватна опрема.

1.2.Во општината, школите, градинките и јавните шеталишта кои се во фаза на хортикултурно уредување, и се **предвидени** површини за по десетина паркирни места за велосипеди.

**c. Бутел - 1 бод**

*Причина за бодувањето:* **општ одговор**

паркинг за велосипеди со капацитет за 8 велосипеди е поставен пред административната зграда на општина бутел и паркинг за велосипеди со капацитет за 6 велосипеди е поставен пред оу Живко Брајковски

Во 25% од институциите кои се под директна надлежност на општината се поставени паркизи за велосипеди

**d. Гази Баба - 0 бод**

*Причина за бодувањето:* **НЕМА е одговорот на прашањето од општината**

**e. Ѓорче Петров - /**

Не се добиени никакви податоци од општината

**f. Зелениково - 0 бод**

Причина за бодувањето: НЕМА е одговорот на прашањето од општината

**g. Илинден - 1 бод**

*Причина за бодувањето:* **Покриен е голем дел од институциите, но тоа било во минатото и нема доказ дека се со функционален паркинг**

1.Во рамки на институциите под надлежност на Општина Илинден се поставени следните паркинзи за велосипеди :
Средно општинско стручно училиште „ Илинден "-ОПштина Илинден-2 паркинга со капацитет од 20 велосипеди
ООУ Гоце Делчев Илинден-во централното училиште има поставено две паркинг места за велосипеди со капацитет за 20 велосипеди
Општинско основно училиште „Ристо Крле" с.Кадино-поставени се паркинзи во трите објекти на училиштето, во централното училиште за 8 објекти и во подрачните по 4 велосипеди
ЈОУДГ „Гоце Делчев"-Општина Илинден-Во централниот објект има 4 паркинзи за велосипеди со капацитет за 16 велосипеди, а во подрачниот објект има 1 паркинг со капацитет за 4 велосипеди

**h. Карпош - 2 бодови**

*Причина за бодувањето:* **Покриен е голем дел од институциите, но тоа било во минатото и нема доказ дека се со функционален паркинг**

Општина Карпош континуирано поставува паркинзи за велосипеди во сите јавни институции и јавни површини во нејзина надлежност. Во надлежност на општината се административните објекти, детските градинки и основните училишта. Општината нема јавни претпријатија, бидејќи истите се под градот Скопје.

Општина Карпош има поставено паркинзи за велосипеди во сите 10 општински основни училишта и 12 објекти на детските градинки. Општината има поставено паркинзи за велосипеди и пред месните/урбаните заедници, на пр. зградата на ЗЕЛС. И покрај тоа што не се под нејзина надлежност општината има поставено вакви паркинзи и во комплексот на факултети на територија на УЗ Карпош 2. На секоја од овие локации има отприлика по 10 паркинзи за велосипеди. Најголем дел од паркинзите за велосипеди се поставени пред 2021 година, но редовно се одржуваат и се заменуваат по потреба. Покриеност 90-100%

i. **Кисела Вода - 1 бод**

*Причина за бодувањето:* **општ одговор**

Сите инситуции кои се под ингеренции на ОКВ имаат паркинзи за велосипеди

j. **Петровец - /**

Не се добиени податоци за ова прашање од општината

k. **Сарај - /**

Не се добиени никакви податоци од општината

l. **Сопиште - /**

Не се добиени никакви податоци од општината

m. **Студеничани - /**

Не се добиени никакви податоци од општината

n. **Центар 3 бодови**

*Причина за бодувањето:* **покриен е голем дел од институциите и на сликите се гледа дека се со функционален дизајн**

Паркинзи за велосипеди се псотавени во дворот на Општината и на патеките пред Општината, како и во сите (8) основни општински училишта и градинки. Вкупно се поставени околу 200 паркинзи за велоспеди..

Општина Центар- Скопје, во рамките на Комуналната програма, под-програма Урбана опрема, спроведе активности за поставување паркинзи за велосипеди на различни локации во општината. Со цел да се обезбедат патеките за велосипедите на новите улици, поставени се:

- 500 метални и 300 пластични столпчиња, со кои се одделува патеката од улицата.
- Воедно поставени се 50 лежечки полицајци за успорување на возилата на новите улици. Исто така поставени се и 300 држачи за велосипеди.

o. **Чаир - 1 бод**

*Причина за бодувањето:* општ одговор

Паркинзи за велосипеди има пред објектот на Општина Чаир. Кај сите основни училишта на Општина Чаир (9) и во две градинки беа поставени, но истите се уништени и демолирани од надворешни лица;

p. **Чучер-Сандево - /**

Не се добиени никакви податоци од општината

q. **Шуто Оризари - 0 бод**

Причина за бодувањето: НЕМА е одговорот на прашањето од општината

2. **Прашање бр 2:** Доставете ни информација за вкупно **поставено паркинзи за велосипеди во периодот октомври 2021 - април 2023** (Колку паркинзи на број, за колку вкупно велосипеди**)** за **локации кои не се општински институции** (плоштади, пренаменети постоечки паркинг места за автомобили, паркови, игралишта, трговски центри, шеталишта, автобуски постојки, автобуски/железнички постојки и станици, итн.)?

a. Аеродром - 2 бодови

- Пратени се слики (На повеќето неопштински локации има паркинзи чешел)

b. Арачиново

c. Бутел

- Нема

d. Гази Баба

- Нема

e. Ѓорче Петров

f. Зелениково

НЕМА

g. Илинден 2 бодови - дел од објектите се општински, недостигаат слики за да се види дизајнот

- Паркинзи за велосипеди се поставени на паркинг просторите пред сите големи маркети, пред спортскта сала, пред општинската зграда, домовите на култура, детските игралишта, здравствените објекти

h. Карпош - 3 бодови - голема покриеност, од сликите се гледа дека најголем дел од паркинзите не се со функционален дизајн

Општина Карпош има поставено велосипедски паркинзи на следниве јавни површини:

- трговски центар „Лептокарија" во УЗ Карпош 3

- плоштадот „Млечен" во УЗ Владо Тасевски

- плоштадот „Делфина" во УЗ Влае

- парк „Фонтана" во УЗ Карпош 3

- плоштадот во МЗ Бардовци

- кај „Драмски Театар" во УЗ Карпош 2

- детско игралиште и парк „Пецо Божиновски Кочо" спроти студентскиот дом во УЗ Козле

- „Адреналински парк" во УЗ Карпош 4

- надвозник „Влајко" во УЗ Влае

- кај пазарчето во УЗ Тафталиџе 2

- кај зградата на Горење во УЗ Карпош 3

На сите овие локации има поставено преку 100 паркинзи за велосипеди. Дополнително паркинзи за велосипеди има пред секој поголем маркет (Тинекс, Веро, Базаро), како и трговскиот центар Сити Мол. Слики во прилог.

i. Кисела Вода

j. Петровец

k. Сарај

l. Сопиште

m. Студеничани

n. Центар - 4 бодови - голема покриеност, не е секогаш пред комерцијални објекти / институции, функционален дизајн, но дискутабилна е е самата поставеност во просторот

- На територијата на Општина Центар-Скопје, на барање на жителите на општината поставени се дваестина држачи за велосипеди и тоа пред ГТЦ во Жена парк, пред Рамстор-Центар и на кејот на реката Вардар, иако овие ликации се во надлежност на Град Скопје.

o. Чаир - 1 бод - премногу општо

■ Поставени паркинзи за велосипеди во јавни места од страна на Општина Чаир има во паркот во населба „Топанско Поле", како и во Стара Скопска Чаршија, во близина на Плоштад Скендербег;

p. Чучер-Сандево

q. Шуто Оризари

■ Нема

3. **Прашање бр 3:** Доставете ни информација **за проект или изведено нова велосипедска патека или лента во периодот 2022-2023**? Каде и кои се нејзините димензии (име на улица, ширина на велосипедска патека/лента по насока, во колку насоки е лентата и која е вкупната должина)? Која е подлогата на патеката/лентата. Во случај улицата да има променлива велосипедска патека/лента пишете ги вкупните димензии на секој тип одвоено.

a. Аеродром 0 бод

Нема изведено велосипедски патеки по улиците на нејзината територија, во самата планска документација не се предвидени односно планирани за нивна изградба. + Нема вело лента. На бул. кои поминуваат низ Аеродром има изградено вело ленто под надлежност на град скопје.

b. Арачиново 3 бодови - прviот одговор е општ. Вториот е за еднонасочна патека на едната страна со супстандардна ширина.

■ Главната улица на н.м.Арачиново, е сообраќајница од регионален карактер па вклучувањето и исклучувњето од неа подлегнува на посебен режим. Нејзиното уредување со тротоари и велосипедски патеки е во тек.

■ Од влезот на територијата на општината по регионалниот пат 1104, од десна страна до каналот, е изведена велосипедска патека со ширина од 1.20 цм во должина од 660 м2. Наскоро ке почне изведбата на продолжението на патеката во должина од 1700 м.

c. Бутел

■ Нема

d. Гази Баба

■ Нема

e. Ѓорче Петров

f. Зелениково

НЕМА

g. Илинден 2 бодови

■ Во рамки на роектот „Градежна офанзива" изградена е пешачка патека во н.м. Илинден во должина од 400 метри и широчина од 1,8 метри, која се протега од влезот на новото основно училиште о Илинден по улицата „2", се до ракрсницата на улиците 8 и 9 и пешачка патека во Миладиновци е во должина од околу 850 метри и се протега од влезот на Миладиновци, па се до паркот со спомeникот на Васил Аџиларски кои се користат за пешаци и велосипедисти

h. Карпош

i. Кисела Вода - 2 бодови - првата е велосипедска лента во еден правец, втората е велосипедска лента во два правци, но е од Град Скопје, против желбите на Кисела Вода

■ На територија на ОКВ има две нови велосипедски патеки од 2022 година

1. ул. Наум Охридски (од подрачното ООУ Кузман Јосифовски Питу до св. Петка)
2. ул. Христо Татарчев (од ул. Народни Херои до Борис Трајковски) каде велосипедската патека е во два правци, реализзирано од Град Скопје, но по истата имаше реакции од

граѓаните поради стеснување на улицата. Општина Кисела Вода има остварено соработка со Град Скопје во чии ингиренции е поставувањето на нова велосипедска инфраструктура.

j. Петровец

k. Сарај

l. Сопиште

m. Студеничани

n. Центар - 5 бодови - Орце Николов - еднонасочна велосипедска патека / лента на двете страни (не е двонасочна како што пишуваат на почетокот) со супстандардна ширина. Ленинова - не е завршена, супстандардна ширина, лоша подлога

- Двонасочна велосипедска патека на двете страни на улицата. (проект или изведба)

Текст;

Општина Центар-Скопје има изведено нова велосипедска патека на улица Орце Николов на двете страни на улицата со ширина од 1.2 метри, во должина од 1.050 км во една насока .Подлогата е од АБ 11 и лентите се во насока на коловозот..

- Еднонасочна велосипедска патека на двете страни на улицата. (проект или изведба)

Во тек е иградбата на улицата Ленинива од страната на Булеварот Партизански Одреди ( кај Зегин) до улицата Митрополит Теодосиј Гологанов (кај Клуб на Пратениците)

На сликата подоле со црвена боја е означена велосипедската патека со жирочина од 1 метар, во должина од 440 метри во една насока, подлогата е од бекатон.

o. Чаир

- Во период 2022/23 немаме воспоставено нова велосипедска патека во територијата на Општина Чаир;

p. Чучер-Сандево

q. Шуто Оризари

4. **Прашање бр 4:** Доставете ни информација за проект или изведено нова велосипедска рекреативна патека која не се користи за урбан транспорт, памптрек, сообраќаен полигон за велосипеди или слична спортско-рекреативна / сообраќајно едукативна инфраструктура **која не служи за урбан транспорт и не поврзува сообраќајна инфраструктура**?

a. Аеродром 1 бод - изведен полигон

- Во дворот на ООУ.„Ѓорѓија Пулевски"-О.Аеродром се наоѓа полигонот кој е најголем и единствен во градот со едукативен карактер, каде се поставени 68 сообраќајни знаци, хоризонтална сигнализација на површина од над 166м$^2$ , како и холтикултурно е уреден целиот простор. Реконструкцијата се изврши во соработка со општествено-одговорна компанија „ТОП БИЛДИНГ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје"

b. Арачиново - 0

- Се предвидува рекреативна патека покрај каналот (кај ООУ "Ѓерѓ Кастриоти Скендербег"-Арачиново), во должина од 500 м3.

c. Бутел

- Нема

d. Гази Баба - 2 бода - изведени две патеки

- Има предвидено проект за изградба на пешачко велосипедска патека во должина од 5км

- Изведени:

1. Мерцедес - Јурумлери изведени 2.2 км со ширина 2м
2. Јурумлери Колонија 800 м

e. Ѓорче Петров

f. Зелениково

НЕМА

g. Илинден 0 бодови

- Во Стратешкиот план на Општина Илиднен 2022-2026 се предвидени проекти „Изградба на трим патеки за велосипедизам и рекреација на Ајватовски рид „, „Изградба на велосипедски патеки‟ со чија што изградба ќе се промовира Општина Илинден

h. Карпош

i. Кисела Вода

j. Петровец- 1 бод - премногу општо

- Одговор на прашање број 6 :Проект Изградба на велосипедска и пешачка патека во н.м Петровец и н.м Ржаничино во износ од 23.569.899 ден

k. Сарај

l. Сопиште

m. Студеничани

n. Центар - 0.5 бодови - иако памптрекот не е изведен од Центар, активностите за ослободување на просторот се (не не во бараниот период)

- На територија на Општина Центар-Скопје има рекреативни патеки кои не се користат за урбан транспорт, сообраќаен полигон за велосипеди или слични спортско- рекреативна / сообраќајно едукативна инфраструктура, но истите се во надлежност на Град Скопје. Памтрекот полигонот во Град Скопје е изграден исто така на територија на општината. Во стариот ДУП И02 првично беше вцртан хотел, да во новиот ДУП И02 биде пренаменето во парково зеленило.Ослободено е градежното земјижте за изградба на Памтрек пологон.

o. Чаир

- Малата територијална површина на Општина Чаир, и густината на населението по метар квадрат, не овозможува проектирање на простории за рекреативни патеки за велосипедисти;

p. Чучер-Сандево

q. Шуто Оризари

- Нема

5. **Прашање бр 5:** Доставете ни информација **дали постои дополнителна инвестиција во велосипедска или пешачка инфраструктура** (инсталирано бројачи на велосипеди, поставено нови улични чешми, систем за изнајмување велосипеди, поставено столпчиња, анализа на учесниците во сообраќајот на некоја своја раскрсница или јавен простор, ослободено пешачка/велосипедска инфраструктура од паркирани возила, средства за смирување на сообраќајот, сообраќаен полигон за велосипеди, итн.)?

a. Аеродром

- Нема

b. Арачиново 1 бод - средства за смирување на сообраќајот се второрангирани во методологијата

- По целата должина на главната улица на повеќе места се поставени пречки за забавување на брзината, односно се поставени т.н. лежечки полицајци.

c. Бутел

- Нема

d. Гази Баба

- Нема

e. Ѓорче Петров

f. Зелениково

НЕМА

g. Илинден

h. Карпош

i. Кисела Вода

j. Петровец

k. Сарај

l. Сопиште

m. Студеничани

n. Центар - 4 бодови ослободено пешачка/велосипедска инфраструктура од паркирани возила се прворангирани во методологијата + има слики

o.

- На територијата на Општина Центар-Скопје континуирано се ослободува јавниот простор, тротоарите, од паркирани возила, поставени се средства за смирување на сообраќајот на

улиците: Орце Николов,Никола Тримпаре, Васил Ѓоргов, 9-ти Мај,, Наум Наумовски Борче и на сите сервисни улици кои гравитираат околу основни општински училишта и детските градинки .

p. Чаир

- Не ги отвара линковите

q. Чучер-Сандево

r. Шуто Оризари

6. **Прашање бр 6:** Доставете ни информација како општината ја **гарантира безбедноста на велосипедистите** на улиците? Ве молиме пишете ги сите улици каде има велосипедска инфраструктура со објаснување на кои улици како е гарантирана безбедноста. (со возење велосипеди на коловоз без никакво двоење од автомобилите; со поставување физички бариери како столпчиња, зеленило, бетонски ѕид; со споделен простор на кој возилата се приморани да возат споро бидејќи улицата има физички препреки и приоритет имаат велосипедите; со цртање лента меѓу коловозот и велосипедската инфраструктура; др.?)

a. Аеродром

b. Арачиново

c. Бутел

d. Гази Баба

- Нема

e. Ѓорче Петров

f. Зелениково

НЕМА

g. Илинден 0.5 бодови - спаѓа под „друго"

- Поставени се знаци за вертикална сигнализација како и обележување со хоризонтална сигнализација со цел зголемување на безбедност на велосипедистите на улиците

h. Карпош - 1 бод - иако е прворангирано во методологија нема пишано примери каде се практикува (а на „Новопроектирана" се поставени столпчиња)

- **5.** Со поставување физички бариери како столпчиња и зеленило.

i. Кисела Вода

j. Петровец

k. Сарај

l. Сопиште

m. Студеничани

n. Центар - 4 бодови - прворангирано во методологијата

■ На сите улици каде има изведени велосипедски патеки безбедноста е во согласност со правилникот за безбедност на велосипедистите кои што се учесници во сообраќајот..На улица Орце Николов безбедноста на велосипедистите е гарантирана со поставување на физички бариери, зеленило и столпчиња.

o. Чаир - 0 бодови- Велосипедските патеки се под Град Скопје

■ Во соработка со Град Скопје, кај велосипедските патеки кои се дел од главните улици, поставени се столбови како мерка за безбедност за велосипедистите;

p.

q. Чучер-Сандево

r. Шуто Оризари

■ Нема

7. **Прашање бр 7:** Доставете ни информација како општината ги **комуницира со граѓаните** своите активности за велосипедска инфраструктура и општо плановите за улиците? (соопштенија пред изведба, јавни расправии во фаза на планирање, веб анкети во фаза на планирање, друго?)

a. Аеродром

b. Арачиново 2 бодови- прворангирано во методологијата + даден пример

■ Јавна расправа за приоритетите при реконструкција на регионалниот пат што поминува низ населениот дел од Арачиново.

c. Бутел

■ Нема

d. Гази Баба

■ Одговорот не е за инфраструктура

e. Ѓорче Петров

f. Зелениково

НЕМА

g. Илинден 1.5 бодови - споделување е второрангирано во методологијата

■ Во однос на комуникацијата со граѓанскиот сектор за соработката за подобрување на велосипедската инфраструктура, сметаме дека е на високо ниво, редовно се комуницира, се објавуваат јавн повици за субвенции за велосипеди, општината се вклучува во настани во соработка со здруженија со цел поттикнување и зголемување на велосипедистите во сообраќајот

h. Карпош - 3 бодови прво и второрангирано во методологијата без даден пример

■ **6.** Преку јавни расправии во фаза на планирање, веб анкети во фаза на планирање, форуми со граѓани, веб и социјални медиуми.

i. Кисела Вода

j. Петровец

k. Сарај

l. Сопиште

m. Студеничани

n. Центар - 4 бодови - прво и второрангирано во методологијата + даден пример

o.

- Општина Центар-Скопје континуирано е во комуникација со граѓаните од Општината, преку социјалните мрежи во секојдневна комуникација, средби со граѓани, информирање преку соопштенија во медиумите и веб страната на Општината. За сите проекти и активности на Општината во однос на велосипедската инфраструктура, консултирани се граѓаните, на средби со граѓани, кој градоначалникот М-р Горан Герасимовски, во континуитет ги сппроведува. При изработката на ЛЕАП за општина Центар-Скопје (2019-2025) -Подготовка на план за вклучување на јавноста преку изработка на анкетни прашалници за идентификацијата на главните проблеми околу состојбата со животната средина кои беа дистрибуирани во месните заедници, училиштата, а можеа и електронски да се ополнуваат. Беше изготвен и Постер за информирање на јавноста дека Општината започнува со подготовка на стратешки документ за заштита на животна средина и истиот беше поставен на општинската web страна, како и на најфреквентни локации;

p. Чаир

- Нема

q. Чучер-Сандево

r. Шуто Оризари

8. **Прашање бр 8:** Доставете ни информација преку кој медиум општина јавно ги **споделува плановите** за улиците кои ги изведува и на кој начин? (огласна табла во објектот на општината, веб сајт, социјални медиуми, класични медиуми…)

a. Аеродром

b. Арачиново 1.5 бодови прво и второрангирано во методологијата без даден пример

- Активностите за велосипедската инфраструктура и планови за улици, Општината ги објавувала во социјалните мрежи и нејзината веб страната.

c. Бутел

- Нема

d. Гази Баба

- Одговорот не е за инфраструктура

e. Ѓорче Петров

f. Зелениково

НЕМА

g. Илинден 0.5 бодови второрангирано во методологијата без даден пример

h.

- Сите информации во однос на превземените активности на општината поврзани со велосипедската инфраструктура, мерките, настаните, доделувањето субвенции и сл. се објавуваат на веб страната на Општина Илинден

i. Карпош - 2 бодови прво, второ и треторангирано во методологијата без даден пример

j.

- **7.** Да, преку огласна табла, веб сајт, социјални медиуми.

k. Кисела Вода

l. Петровец

m. Сарај

n. Сопиште

o. Студеничани

p. Центар - 2.5 бодови прво, прво и второрангирано во методологијата без даден пример

- Општина Центар-Скопје е најтранспарентна општина , според испитувањата на Агенцијата за заштита на правата на слободен пристап до информации од јавен

карактер.Плановите за улиците кои ги изведува Општина Центар- Скопје ги споделува на веб сајтот на општината, на социјалните медиуми и на класичните медиуми.

q. Чаир - 1.5 бод прворангирано во методологијата без даден пример

- На веб страната на Општина Чаир, како и официјалната страна на Општина Чаир во социјалните мрежи (фејсбук), се објавуваат активностите кои започнуваат со работа, процесот, како и завршната фаза;

r. Чучер-Сандево

s. Шуто Оризари

9. **Прашање бр 9:** Доставете ни информација дали општина има **наследено** од претходната владеачка гарнитура (пред октомври 2021) проект поврзан со велосипедизам и дали планирате да го изведете? Ако да, наведете кој е тој проект.

a. Аеродром

b. Арачиново 1 бод - наследен но непочнат

- Спомнати под точка 4. (продолжението од 1700 м).
- Зависи од БРР (бирото за регионален развој) каде што е аплицирано за средства

c. Бутел

- Нема

d. Гази Баба

- Нема

e. Ѓорче Петров

f. Зелениково

НЕМА

g. Илинден

h. Карпош

i. Кисела Вода

j. Петровец

k. Сарај

l. Сопиште

m. Студеничани

n. Центар - 2 бодови - наследен и завршен

- Општина Центар – Скопје, ос предходната владина гарнитура (пред октомври 2021 год.) го наследи проектот за реконструкција на улицата Орце Николов, кој проект е поврзан и со велосипедизмот. Истиот е веќе изведен.

o. Чаир

p. Чучер-Сандево

q. Шуто Оризари

- Нема

10. **Прашање бр 10:** Доставете ни информација дали општината учествува во меѓуопштински или меѓуинституционален проект за изведба на велосипедска инфраструктура **која би ја поврзала општината** со соседните општини и/или центарот на градот? Ако да, Ве молиме наведете кој е тој проект.

a. Аеродром

b. Арачиново

- Општината до сега не учествувала Во реализацијата на меѓуопштински проект за изведба на велосипедска инфраструктура, иако во иднина не се исклучува ваква соработка со Општина Гази Баба.

c. Бутел

- Нема

d. Гази Баба

- Нема

e. Ѓорче Петров

f. Зелениково

НЕМА

g. Илинден

h. Карпош - 1 бод

- **9.** Во рамки на проектот Отпорно Скопје кој Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) го имплементира во соработка со Град Скопје, Општина Карпош учествуваше во работилниците кои се организираа со цел изработка на Основен проект за редизајнирање на коридорот на кејот на реката Вардар кој вклучува и изградба и поврзување на општините со велосипедски патеки.

i. Кисела Вода

j. Петровец

k. Сарај

l. Сопиште

m. Студеничани

n. Центар - 0 бодови

- До сега Општина Центар-Скопје нема улествувано во меѓуопштински или меѓу институционален проект за изведба на велосипедска инфраструктура која би ја поврзала општината со соседните општини и/или центарот на градот,бидејќи сеуште не се створиле услови за изведба на таков проект , односно не биле предвидени со ДУП- вите.

o. Чаир - 1 бод

- Проектот е во тек
- Актуелно е меѓуопштинската соработка помеѓу Општина Чаир и Град Скопје, за проширување на булеварот „Цветан Димов", каде што, меѓудругото, се предвидува да се создаде и велосипедска патека на самиот булевар,

p. Чучер-Сандево

q. Шуто Оризари

- Нема

11. **Прашање бр 11:** Доставете ни информација дали во новите урбанистички документации кои ги носи **општина, досега се давани насоки за** воведување велосипедски патеки/ленти, за пошироки тротоари од минималните, потесни коловозни ленти, или поточно подобрување на стандардите за урбана мобилност споредено со претходни документации? Ако да, **посочете ни донесени документации со таков стандард и документации во процедура** (имиња на плановите). Посочете на предвидената должина, широчина на велосипедски патеки/ленти и пошироки тротоари/потесни коловозни ленти споредено со претходна документација и дали има воведување велосипедски патеки/ленти каде што немало или зголемување на уличен профил заради зголемување на улично зеленило. (да се наведат улиците и урбанистичката документација)

a. Аеродром

b. Арачиново

- Низ локалните улици поради недоволниот профил на улиците, е тешко да се инплементираат вакви нормативи.

c. Бутел

- Нема

d. Гази Баба

- Нема

e. Ѓорче Петров

f. Зелениково

НЕМА

g. Илинден

h. Карпош

i. Кисела Вода

- Донесувањето на урбанистичките планови и измените и дополнувањата на урбанистичките шланови се врши согласно Законот заурбанистичко планирање и правилникот за урбанистичко планирање каде се дадени параметрите за внесување на содржини посочени од Ваша страна

j. Петровец

k. Сарај

l. Сопиште

m. Студеничани

n. Центар - - 6 бодови - запазени се сите метрики од методологијата + друго

- 1 . ОПФАТ НА ДУП

Деталниот урбанистички план Градска Четврт И 05 – Маџир Маало 2, Општина Центар - Скопје е со опфат со површина од 12,12 ха кој е дефиниран: на североисток со оската на регулацијата на коритото на река Вардар, на југоисток со оската на собирна улица "Никола Карев", на југозапад со оската на собирна улица бул. "К.Ј.Питу" и на северозапад со оската на транзитна магистрална улица бул."Крушевска Република" (планирана). Планот има добиено Согласност од Министерството за транспорт и врски и е доставен до Советот на Општината.

ПОДОБРЕНО СООБРАЌАЈНО РЕШЕНИЕ

Подобрени решенија за улиците

Во планското решение улицата „Ѓуро Ѓоновиќ" има еднонасочна велосипедска патека во должина од 223 метри со широчина од 1,5 метри (од двете страни), а улицата „Вардарска" во еден сегмент има 2 еднонасочни велосипедски патеки во должина од 83 метри со широчина од 1,5 метри (од двете страни), а во другиот сегмент планирана е една двонасочна патека со широчина од 2,75 метри во должина од 250 метри. Тротоарите на овие пошироки улици се прошируваат до 2,5 метри, наспроти планираните 2 метри во претходната планска документација, секаде каде што има услови за тоа. Дел од останатите улици кои во претходното планско решение воопшто немале тротоари и биле планирани со потесен уличен профил, сега добиваат тротоари и поголема широчина.

- Секундарна велосипедска мрежа

Новопланираните велосипедски патеки на 180, 150 и 90 метри растојание од постојната велосипедска мрежа на бул. „Кузман Јосифовски Питу" и рекреативната патека по текот на реката Вардар, создаваат секундарна велосипедска мрежа според европските препораки за велосипедски мрежи.

Пробиена пешачка патека

Со цел скратување на пешачките дистанци, подобрување на условите за пешачење и пристапноста кон кејот, јавните површини и други сервиси за жителите, пробиена е пешачка патека низ најдолгиот блок меѓу улица „Прилепска" и улица „Вардарска", а како продолжение на правецот на ул. „Браќа Кошулчеви". Пешачка патека е пробиена и покрај градинката, меѓу ул. „Ѓуро Ѓоновиќ" и булеварот „Кузман Јосифовски Питу", како и на уште 3 места низ опфатот, споредено со претходниот план. Со тоа ќе се подобрат условите за пешачко движење.

- Паркирање на автомобили и велосипеди

При изработка на проектна документација ќе мора задолжително да се обезбеди простор за велосипеди во функција на градбата во рамки на градежната парцела. Истото важи и за изработката на проекти за јавните простори. На улиците од секундарната мрежа дозволено е паралелно паркирање со изработка на сообраќајни проекти.

- 2/3 . ОПФАТ НА ДУП

Деталниот урбанистички план Градска четврт ЦС 01, Општина Центар - Скопје е со опфат со површина од 52.42 ха, а границите се дефинирани: на североисток по оската на бул. „Никола Карев", на југоисток по оската на планиран профил на бул. „Св. Климент Охридски", на југозапад по оската на корито на Река Вардар, на запад ги сече КП 462/1, 7090/1 и 460/1, продолжува по западна граница на 460/1, ја сече 7059/1 и продолжува јужно до оската на Река Вардар.

- Деталниот урбанистички план Градска четврт ЦС 14, Општина Центар - Скопје е со опфат со површина од 26.21 ха, а границите се дефинирани: на исток по оската на ул.„Самоилова", на југ по оската на бул.„Гоце Делчев", на запад оската на коритото на Река Вардар, на северозапад по оската на планиран профил на бул. „Св. Климент Охридски". Двете плански документации се во фаза на добивање на Позитивно мислење од Град Скопје.

- ПОДОБРЕНО СООБРАЌАЈНО РЕШЕНИЕ

Со планските решенија постигнат е континуитет на движењата во рамки на двете соседни четврти, рационално сообраќајно решение и вмреженост на локалитетот

- Особено е водено сметка за пешачкото и велосипедското движење. Предвидени се велосипедски патеки на главните сервисни улици низ локалитетот, ул. „Самоилова" и ул. „Лазар Личеноски" и со интегрирано планирање на двете градски четврти ЦС 01 и ЦС 14 обезбеден е континуитет на велосипедското движење. Во рамки на четвртите ЦС 01 и ЦС 14 планирани се нови велосипедски патеки на секундарната мрежа кои се поврзуваат со примарната мрежа - булеварите „Гоце Делчев" и „Никола Карев" и на три места со рекреативната патека по коритото на Вардар. На тој начин обезбедена е функционална велосипедска мрежа на речиси секои 200-300 метри. Велосипедски патеки со широчина од 1,5 метар се планирани со должина од 1763 метри на двете страни на ул. „Самоилова" и ул. „Лазар Личеноски" и со широчина од 3 метри како двонасочни од едната страна на дел од двете улици во должина од 1983 метри. Секаде каде што е можно е подигнат стандардот на пешачкото движење; од едната страна на улиците е планиран тротоар од минимум 3.5 метри кој предвидува засадување на дрвореди, наместо претходно планираниот минимален тротоар од 1.5 метри.

-

o. Чаир

- Ни треба повеќе време за да можеме да ги обезбедиме сите потребни информации од оваа точка;

p. Чучер-Сандево

q. Шуто Оризари

- Нема

12. **Прашање бр 12:** Доставете ни информација дали општина ги **обврзува инвеститорите да обезбедуваат паркинг за велосипеди во новите објекти**? Ако да, по кој стандард и со која одлука? Дали имате да споделите пример на изведен приватен објект според тие стандарди? Дали е 100% применето кај сите инвеститори?

a. Аеродром

- Немаме информација (а имаат одлука на Совет)

b. Арачиново

- На сите сопственици на деловен простор им се сугерира дека е во нивен интерес, за да ја зголемат потрошувачката, да им овозможат лесен пристап и паркирање на потрошувачите кои пристапуваат со велосипеди.
- Со реализација на предвидените патеки, и нивно довршување ке се створат предуслови за ваков вид интервенции.

c. Бутел

- Нема

d. Гази Баба

- Одговорот не е за паркинг за велосипеди

e. Ѓорче Петров

f. Зелениково

НЕМА

g. Илинден 0.5 бодови

- Согласно Законот за градење е предвидена обврска за обезбедуваање простор за велосипеди ондосно градба со јавна наменеа треба да биде проектирана и изведена така што ќе има обезбедено паркинг простор за велосипеди во фунцкија на објектот и при издавање одобренија за градење се постапува согласно законската регулатива

h. Карпош

i. Кисела Вода

- Нашите надлежности се дадени во Законот за урбанистичко планирање и законот за градење и подзаконските акт што произлегуваат од истите

j. Петровец

k. Сарај

l. Сопиште

m. Студеничани

n. Центар - 4 бодови - две прво и една второрангирано во методологија.

- 6 април 2022 година „Службен гласник на Општина Центар-Скопје‟ број 6 стр.29 Врз основа на членовите 36 и 21 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ‟ бр. 5/02) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје‟ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19;1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на осмата седница, одржана на 5.4.2022 година, донесе

ОДЛУКА

за начин на уредување и обезбедување паркинг за велосипеди во рамки на градежна парцела при поднесување барања за издавање одобренија за градење и на веќе изградени

објекти во Општина Центар-Скопје

(целата одлука е од 9 членови и 870 зборови)

Советот на Општина Центар-Скопје донесе „Одлука за начинот на уредување и обезбедување паркинг за велосипеди во рамки на градежна парцела при поднесување барања за издавање одобренија за градење и на веќе изградени објекти" со бр. 08-1897/22 од 05.04.2022 година.

Одлуката одредува потребен број на паркинг места за велосипеди, а стандардите и нормативите за нивно проектирање се преземаат од Правилникот за урбанистичко планирање (Број на „Службен весник на РСМ": 225/2020, 219/2021,104/2022,99/2023).

Подолу следуваат извадоци од Одлуката кои даваат одговори на поставените прашања.

„Уредувањето на паркинг за велосипеди во рамки на една градежна парцела има за цел:

- да обезбеди простор наменет за паркирање и чување велосипеди на имателите и корисниците на станбени единици;
- да обезбеди рамномерни и рамноправни можности за користење на паркинг простор за велосипеди на имателите и корисниците на станбени единици во рамките на станбените објекти;
- да обезбеди рамномерни и рамноправни можности за користење на паркинг простор за велосипеди на сите корисници од другите нерезиденцијални објекти и од компатибилните намени во рамки на станбените објекти;
- да воспостави развој и грижа за поставениот паркинг простор за велосипеди во рамки на една градежна парцела;
- да обезбеди одржливост, континуитет и практика на уредување и обезбедување на паркинг простор за велосипеди во рамки на една градежна парцела при поднесување на барања за издавање на одобренија за градење во Општина Центар-Скопје;
- да обезбеди одржливост, континуитет и практика на уредување и обезбедување на паркинг простор за велосипеди во рамки на една градежна парцела на постоечките изградени станбени и други нерезиденцијални објекти во Општина Центар-Скопје.

Минимално потребниот број на паркинг места за велосипеди претставува едно паркинг место за велосипеди пропорционално по бројот на станбени единици во изградениот објект.

Минимално потребниот број на паркинг места за велосипеди кај нови и реновирани станбени згради со повеќе од три паркинг места за моторни возила, е две паркинг места за велосипеди за секоја станбена единица.

Минимално потребниот број на паркинг места за велосипеди кај нови и реновирани објекти кои не се предвидени за домување, со повеќе од пет паркинг места за моторни возила, е едно паркинг место за велосипед за секое паркинг место за моторно возило.

Од вкупниот број паркинг места за велосипеди минимум 50% треба да бидат заштитени од кражба и атмосферски влијанија, во приземјето, на првото подземно ниво на објектот при постапките за издавање одобрение за градење. Паркиралиштето за велосипеди може да се планира во заеднички простор со паркиралиштето за моторни возила и/или издвоено.

Одредбите од оваа одлука се применуваат при постапката за издавање на Одобренија за градење.

Субјектите, правните и физичките лица, кои поднесуваат барања за издавање на одобренија за градење по стапувањето на сила на оваа Одлука, во основниот проект како предмет ја уредуваат и инфраструктурата и опремата за паркинг за велосипеди.

Имателите на станбени единици во рамките на веќе изграден станбен објект ја уредуваат и усогласуваат инфраструктурата и опремата за паркинг за велосипеди во рок од две години од стапувањето на сила на оваа Одлука.
Имателите на други објекти кои не се предвидени за домување и кои имаат паркинг простор со повеќе од пет паркинг места за моторни возила, ја уредуваат и усогласуваат инфраструктурата и опремата за паркинг за велосипеди во рок од една година од стапувањето на сила на оваа Одлука."

Земено предвид дека горенаведената одлука е во примена само 13 месеци, сеуште нема реализирани објекти кои добиле одобренија за градба и кои во целост го реализирале одобрението по донесувањето на истата.

o. Чаир

- Законот за градење не ги обврзува инвеститорите на колективни згради да воспоставуваат велосипедски паркинзи пред нивните објекти;

p. Чучер-Сандево

q. Шуто Оризари

13. **Прашање бр 13:** Доставете ни го **важечкиот подзаконски акт** во кој се пропишани стандарди за изгледот на велосипедските патеки и ленти во однос на коловозот и тротоарите. Доставете ни информација за **урбанистичките планови** кои се изработувале и/или биле во важност во периодот од октомври 2021 - април 2023 во кои се применети подзаконски акти за стандарди за изгледот на велосипедските патеки и ленти.

Доставете ни информација дали општина има **изработено стратешки документ** за велосипедскиот сообраќај? Визија, план на велосипедски патеки, буџет и слично? Ако има, Ве молиме споделете ни ги (вреди да се споменат и стратешки документи, примарно специјално поврзани со пешачкиот сообраќај, пристапноста и смирувањето на сообраќајот, а секундарно и содржината на ЛЕАП, доколку опфаќа мерки за овие типови сообраќај).

a. Аеродром 1 бод треторангирано во методологијата

- Општината има активен ЛЕАП документ со мерки и препораки, а во моментов се почнува со изработката на нов ЛЕАП документ во кој ќе се обрне внимание за урбаната мобилност.

b. Арачиново

c. Бутел

- Нема

d. Гази Баба

- Нема

e. Ѓорче Петров

f. Зелениково

НЕМА

g. Илинден 2 бодови прворангирано во методологијата

Донесен е Стратешки план на Општина Илинден

h. Карпош - 1.5 бодови второрангирано во методологијата + даден пример

- Да, План за одржлива урбана мобилност достапен на следниот линк: pdfresizer_com-pdf-resize.pdf (karpos.gov.mk)

i.

j. Кисела Вода

k. Петровец

l. Сарај

m. Сопиште

n. Студеничани

o. Центар

p. Чаир

- Како што е наведено и во точка еден, објектите со јавна намена под надлежност на Општина Чаир, како што се основните училишта, поставиле велосипедски патеки, но за кратко време истите се демолирани од надворешни лица;

q. Чучер-Сандево

r. Шуто Оризари

- Нема

14. **Прашање бр 14:** Доставете ни информација дали **јавните претпријатија во општината** (за одржување хигиена, зеленило, инфраструктура, паркинг, итн.) имаат посебен фокус за потребите на велосипедистите или самите тие употребуваат велосипеди во секојдневните работни активности?

a. Аеродром 1 бод - не е стимулирано или организирано од Општината

- Општината нема свои Јавни претпријатија, затоа што е една од десетте општини во Град Скопје. Има ангажирано сезонски работници кои се грижат за одржување на хигиената во општината и истите употребуваат велосипеди како превозно средство.

b. Арачиново

- Големите стрмнини и конфигурацијата на теренот не овозможувват поголема афирмација на употреба на велосипедите.

c. Бутел

- Нема

d. Гази Баба

- Нема

e. Ѓорче Петров

f. Зелениково

НЕМА

g. Илинден

h. Карпош

- **13.** Општината нема јавни претпријатија во нејзина надлежност.

i. Кисела Вода

j. Петровец

k. Сарај

l. Сопиште

m. Студеничани

n. Центар - 1 бод - не е стимулирано или организирано од Општината

■ Голем дел од вработените лица користат велосипеди за транспорт, како и Градоначалникот. Воедно, сезонските работници, кои што ја одржуваат јавната чистота во Општината, користат велосипед, а секако и вработените во ЈП паркинзи Општина Центар, секојдневно за својата работа користат велосипеди.

o. Чаир

■ Општина Чаир има само едно Јавно претпријатие „Шкупи Вјетер". Спомнатите области не се дел од делокругот на работата на нашето Јавно претпријатие. За одржување на хигиената, зеленилото, паркинзите се надлежни Јавните претпријатија пред Град Скопје. За спорните улици кои не се дел од надлежностите на Градот Скопје, Општина Чаир има сезонски работници кои нивната работа ја извршуваат пешки;

p. Чучер-Сандево

q. Шуто Оризари

■ Нема

15. **Прашање бр 15:** Доставете ни информација дали општината води каква било **статистика поврзана со урбан велосипедизам** (Колкав процент од вкупниот сообраќај припаѓа на велосипедскиот, колку вкупно велосипеди се набавени со општинска субвенција, број на организирани настани, колку километри инфраструктура е изведена, колку жртви се велосипедисти, колку кражби на велосипеди, колку паркинзи се поставени, итн.)?

a. Аеродром

b. Арачиново

■ Општината не води било каква статистика поврзана со урбан велосипедизам, ниту има податоци за жртви на велосипадисти, кражби на велосипеди, и сл.

c. Бутел

■ Нема

d. Гази Баба - 1 бод

■ Субвенција за велосипеди за 2023 - досега 200 велосипеди и сѐ уште трае повикот.

e. Ѓорче Петров

f. Зелениково

НЕМА

g. Илинден 2 бодови второ, трето и петто рангирано во методологијата без даден пример

■ Општината води евиденција и располага со податоци во однос на бројот на доделени субвнции за велосипеди согласно објавен јавен повик на општината, податоци за изградени патеки, организирани настани

h. Карпош - 4 бодови прво, трето, четврто и петторангирано во методологијата + даден пример (не се прифаќаа примерите за велосипедска инфраструктура бидејќи се од Град Скопје, а не е пишана лентата која е од Карпош на ул. Новопроектирана - изведена во претходниот мандат)

■ **14.** Број на велосипеди набавени со општинска субвенција – 831 велосипед

■ Број на електрични тротинети набавени со општинска субвенција – 116 електрични тротинети

■ Поставени паркинзи за велосипеди – над 300 паркинзи за велосипеди

■ Број на организирани настани за урбана мобилност – околу 1 до 2 годишно

■ Согласно податоците во Планот на активности за одржлива урбана мобилност околу 33,5% од населението се движи пешки или со велосипеди

■ Изведена велосипедска инфраструктура:

- ■ - Рута 1 – околу 8 км
- ■ - Рута 2 – околу 11 км
- ■ - Рута 3 – околу 8,5 км
- ■ - седум конектори – 19 км
- ■ - кеј на река Вардар – околу 2 км
- ■ - ул. Московска – околу 1 км
- ■ - ул Манапо – околу 1 км
- ■ - од ул. Илинденска до хотел Александар Палас – 600 м

i. Кисела Вода
j. Петровец
k. Сарај
l. Сопиште
m. Студеничани
n. Центар - 2 бодови второ, трето и четврторангирано во методологијата со делумно даден пример

■ Со општински субвенции до сега се набавени 1500 велосипеди и 120 тротинети, поставени се вкупно до сега 300 паркинзи за велосипеди, досега е изведена само 3 км општинска велосипедска инфраструктура.

o. Чаир - 0.5 бод - второрангирано во методологијата без даден пример

■ Во територијата на Општина Чаир, има велосипедски патеки во должина од вкупно 7км. Останатите информации поврзано со бројот на жртви и кражби на велосипеди, можете да се обратите во Полициската станица „Бит Пазар" или во МВР; Општина Чаир во буџетот за 2023 година не предвидува субвенции за велосипеди;

p. Чучер-Сандево
q. Шуто Оризари

■ Нема

16. **Прашање бр 16:** Доставете ни информација дали велосипедската инфраструктура е промовирана од Општината како дел од својата **туристичка понуда?** Ако да, на кој начин?

a. Аеродром
b. Арачиново

■ За сега не.

c. Бутел

■ Нема

d. Гази Баба

■ Нема

e. Ѓорче Петров
f. Зелениково

НЕМА

g. Илинден
h. Карпош
i. Кисела Вода
j. Петровец
k. Сарај
l. Сопиште

m. Студеничани

n. Центар - 0 бодови

- Општина Центар-Скопје нема промовирано велосипедска инфраструктура како туристичка понуда.

o. Чаир

- Конкретно како туристичка понуда не се промовира, но преку јавни соопштенија граѓаните се известуваат за важноста на користење на велосипеди, особено како мерка за ослободување на јавниот сообраќај;

p. Чучер-Сандево

q. Шуто Оризари

17. **Прашање бр 17:** Доставете ни информација дали постои и каква е **комуникацијата со граѓанскиот сектор од 1 до 10,** во контекст на соработката за подобрување на велосипедската инфраструктура, со цел придонес во програмите и мерките за зголемување на учесниците во сообраќајот со велосипеди?

a. Аеродром

b. Арачиново

- За сега не.

c. Бутел

d. Гази Баба - 1 бод третorангирано во методологијата без даден пример

- Оценка со 7ца и рабоиме на подобрување на велосипедската инфраструктура

e. Ѓорче Петров

f. Зелениково

НЕМА

g. Илинден

h. Карпош - - 1 бод четвrторангирано во методологијата без даден пример

- **16.** Скалило 6

i. Кисела Вода - 0.5 бодови - даден пример без рангирање

- На редовно одржуваните средби со граѓани по урбани и месни заедници како со Советите така и со други групи на граѓани редовно се дискутира околу подобрувањето на велосипедските сообраќајни мрежи и овозможување на што подобри услови за користење на истите.

j. Петровец

k. Сарај

l. Сопиште

m. Студеничани

n. Центар - 0.5 бодови - даден пример без рангирање

- Општина Центар-Скопје во контекст на соработката за подобрување на велосипедската инфраструктура, со цел придонес во програмите и мерките за зголемување на учесниците во сообраќајот со велосипеди со граѓанскиот сектор е во континуирана соработка.

- Објава за соработка:

Со иницијативата на @НаТочак и многу други гости го славиме 10-от роденден од нивното основање. Соработката со невладините организации носат одлуки важни за граѓаните. Такво е барањето на Здружението за урбан велосипедизам НаТочак - NaTochak кое јас го проширив и проследив до Советот. Истото се однесува на тоа дека при секоја нова градба во Центар инвеститорот мора да планира паркинг за велосипеди. Возењето велосипед има не само позитивни здравствени придобивки туку и е одличен начин за избегнување на метежот во

сообраќајот. Затоа ве повикувам почесто да возите велосипед и да ги почуствувате неговите придобивки.
#Среќен 10-ти роденден #НаТочак!

o. Чаир - 1 бод прворангирано во методологијата без даден пример
- Општо со Граѓанскиот сектор, Општина Чаир има прекрасна комуникација и соработка (10), НВО кои работат токму во областа на велосипедизмот нема во нашата Општина, но секако сме отворени за соработка со други НВО кои функционираат и работат во други општини и градови;

p. Чучер-Сандево
q. Шуто Оризари
- Нема

18. **Прашање бр 18:** Доставете ни информација за активностите/кампањите кои ги имате реализирано за **подигнување на јавната свест за безбедноста на движењето на учесниците** од ранливите групи во сообраќајот или за поттикнување употреба на активен транспорт преку превозни средства за микромобилност (велосипеди, тротинети, и сл.).

a. Аеродром 1 бод - не се континуирани активности
- Општината учествува во активности кои се спроведуваат во рамките на Европската недела на мобилност, преку акции кои се спроведуваат во градинките и училиштата преку возење на точаци и тротинети во најблиските паркови.

b. Арачиново
- Се прават напори преку воспитно образовниот процес во училиштата да се подигнува јавната свест за безбедност на движењето на учениците..

c. Бутел
- Нема

d. Гази Баба - 1 бод -
- Јавен повик за субвенции за купување велосипед

e. Ѓорче Петров
f. Зелениково
НЕМА
g. Илинден
h. Карпош - 1 бод - не се континуирани активности
- **17.** За изработката на Планот за одржлива урбана мобилност, како и негова презентација, беа одржани работилници како со граѓанскиот сектор така и со претставници од засегнатите институции, полиција и општинската администрација. Поканата за настанот и слики во прилог на оваа порака. Јавна анкета за мислењето на граѓаните за изработка на ПОУМ беше објавена на веб страната на Општина Карпош и во весникот „Карпош Ин" на следниот линк, стр. 18: Karposh in 285 x 205 Juli
- Општина Карпош – Posts | Facebook
-

i. Кисела Вода
j. Петровец
k. Сарај
l. Сопиште
m. Студеничани

n. Центар - 0.5 бодови - не е континуирана активност и не е насочена кон сторителите на штетата

- Општина Центар-Скопје секоја година реализира кампањи за подигнување на јавната свест за безбедноста на движењето на улесниците во сообраќајот во соработка со МВР. Во прилог ви ја доставуваме објавата:

02/06/2022| АКТИВНОСТИ| ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ
(ФБ пост за маалските полициски службеници)

o. Чаир - 1.5 бод - континуирана активност

- Во ОУ „Исмаил Ќемали" е создаден клубот на велосипедисти. Околу 50 ученици се дел од овој клуб. Моментално сме во подготовка да создадеме велосипедски клубови во ниво на сите 9 основни училишта кои се дел од нашата општина;
- Во рамки на Еразмус+ спорт Проектот КИГО – деца во движење, со учениците од ОУ „Исмаил Ќемали" реализирани се активности за поддигнување на ученичката свест кон животната средина, како и позитивното влијание на користење на велосипед како средства за транспорт кон животната средина;
- 

p. Чучер-Сандево

q. Шуто Оризари

- Нема

19. **Прашање бр 19:** Доставете ни информација дали во образовните објекти на општината се спроведуваат едукативни активности насочени кон младите за создавање на позитивни навики за користење на алтернативни превозни средства за микромобилност?

a. Аеродром

b. Арачиново 0.5 бодови - општ одговор

- Има активности.

c. Бутел

- Нема

d. Гази Баба

- Нема

e. Ѓорче Петров

f. Зелениково

НЕМА

g. Илинден 2 бодови - бројни и континуирани активности

- Се реализираат во рамки на потпишаниот меморандум за соработка помеѓу Општина Илинден и Здружението зна гражани Еко Логик во рамки на кој се одржуваат обуки, предавања и сл.

h. Карпош - 1 бод - не се континуирани активности

- **18.** Едукативни настани за најмладите се спроведуваат повремено преку различни проекти кои се реализираат во соработка со здруженија на граѓани. Линк од ваков реализиран настан:

- ВЕЛО НАСТАН И ЕДУКАЦИЈА ЗА НАЈМЛАДИТЕ ОД КАРПОШ - Karpos.gov.mk
- ОСНОВЦИТЕ ОД КАРПОШ-ДЕЛ ОД „ЕВРОПСКАТА НЕДЕЛА НА МОБИЛНОСТ" - Karpos.gov.mk

i. Кисела Вода

j. Петровец

k. Сарај

l. Сопиште

m. Студеничани

n. Центар - 2 бодови - бројни и континуирани активности

- Општина Центар-Скопје пред 4 години потпиша Меморандум за соработка со Здружението за заштита и унапредување на животната средина и промовирање на концептот на одржлив развој – Еко Логик, каде во сите 8 училишта се одржуваат бројни работилници за зголемување и унапредување на знаењето меѓу децата, нивните родители, наставниците и пошироката јавност за темите: велосипедизам, одржлив транспорт, аерозагадување и климатски промени, безбедност во сообраќајот. Училиштата се вклучени во првата мрежа на основни училишта во Република Северна Македонија што посветено работат на темата „Велосипедизам".

o. Чаир - 2 бодови - бројни и континуирани активности

- Како што е наведено на точка 21, учениците кои се дел од велосипедскиот клуб во контуинитет организираат едукативни предавања, вклучително и начинот на комуникација при возење на велосипед;

p. Чучер-Сандево

q. Шуто Оризари

- Нема

20. **Прашање бр 20:** Доставете ни информација дали **општината дава личен пример** преку целосно слеан и безбеден пристап на сите влезови во општинските објекти, преку финансиска или друга стимулација на вработените да доаѓаат со велосипеди на работа, преку практично дизајниран и корисен велосипедски паркинг за вработените и посетителите, преку градоначалник/политичари кои барем понекогаш користат велосипед или друг тип на активен транспорт?

a. Аеродром 1.5 бод - две прво и едно второрангирано во методологијата без пример

- Општината располага и со велосипеди кои ги користат службите кои имаат потреба. + Општината има поставено пристапни рампи за велосипеди, држачи за оставање на точаци пред општината

b. Арачиново

- Поради конфигурацијата на теренот Општината нема превземено мерки стимулација на користењето на велосипедскиот превоз и поради постигнува слаб ефект.

c. Бутел

- Нема

d. Гази Баба

- Нема

e. Ѓорче Петров

f. Зелениково

НЕМА

g. Илинден

h. Карпош - 1 бод прво и второрангирано во методологијата без пример (не се користат како секојдневно превозно средство)

- **19.** Општината инвестира во велосипеди и електрични тротинети за полесна и еколошка мобилност на вработените на терен. Општината има поставено корисен велосипедски паркинг за вработените и посетителите во сите нејзини објекти. Исто така одличен пример и стимулација за вработените е градоначалникот и советниците кои користат велосипеди и се вклучуваат во акции и настани кои го поддржуваат велосипедизмот и одржливата урбана мобилност.

■ Општина Карпош соработува со Здруженијата на граѓани и граѓанскиот сектор преку реализација на различни проекти, но и преку објавување на јавни повици за вклучување на граѓанскиот сектор во кампања или акција за користење на алтернативни превозни средства или учество во велосипедско дефиле. Општина Карпош се приклучува и кон одбележување на Европска недела на урбана мобилност. Линкови:

■ КАРПОШ СЕ ПРИКЛУЧУВА КОН НЕДЕЛАТА НА УРБАНА МОБИЛНОСТ - Karpos.gov.mk

■ ПОГОЛЕМ ПОТТИК НА ЕЛЕКТРОМОБИЛНОСТА - Karpos.gov.mk

■ КАРПОШ СЕ ПРИКЛУЧУВА КОН НЕДЕЛАТА НА УРБАНА МОБИЛНОСТ - Karpos.gov.mk

■ КАРПОШАНИ ДЕНЕСКА НА ВЕЛОСИПЕД - Karpos.gov.mk

■ КАРПОШ НА ВЕЛОСИПЕД - Karpos.gov.mk

■ ОСНОВЦИТЕ ОД КАРПОШ-ДЕЛ ОД „ЕВРОПСКАТА НЕДЕЛА НА МОБИЛНОСТ" - Karpos.gov.mk

■ Вчера Град Скопје Општина Карпошја промовирaa... - НаТочак - NaTochak | Facebook

■

i. Кисела Вода

j. Петровец

k. Сарај

l. Сопиште

m. Студеничани

n. Центар - 1.5 бодови прво и второрангирано во методологијата без пример

■ Општина Центар-Скопје дава личен пример преку целосен и безбеден пристап до влезовите во општинските објекти преку практичен и корисен велосипедски паркинг за вработените и посетителите. Градоначалник М-р Горан Герасимовски, како и голем број од вработените, користат велосипеди и тротинети како превозно средство.

o. Чаир - не е стимулирано од општината

■ Иако не е преземена конкретна мерка за стимулација на вработените за користење на велосипеди како превозно средство за пристигнување на работа, поголемиот дел на вработените на работа доаѓаат претежно со тротинет, дел од нив со велосипед и останатите со автомобил;

p. Чучер-Сандево

q. Шуто Оризари

■ Нема

21. **Прашање бр 21:** Доставете ни информација дали на **интернет профилите** на општината има информации поврзани со велосипедската инфраструктура, активности или било што друго поврзани со урбаниот велосипедизам? Ако има ве молиме пишете каде, што и во кој период е објавено.

a. Аеродром

b. Арачиново 0.5 бодови

■ Се предвидуваат со следното ажурирање на интернет профилот.

c. Бутел

■ Нема

d. Гази Баба

e. Ѓорче Петров

f. Зелениково

НЕМА

g. Илинден

h. Карпош

i. Кисела Вода

j. Петровец

k. Сарај

l. Сопиште

m. Студеничани

n. Центар - 2 бодови

■ Текст;

Општина Центар-Скопје, сите информации поврзани со промоција на велосипедот како алтернативно превозно средство ги објавува на официјалната општинска веб-страница и на сите дигитални платформи за комуникација со граѓаните.

■ Слики;

https://www.centar.gov.mk/?s=%D0%B2%D0%B5%D0%BB%D0%BE%D1%81%D0%B8%D0%BF%D0%B5%D0%B4

■ Социјални медиуми

Текст;

Слики

https://www.facebook.com/profile/100081884813786/search/?q=%D0%B2%D0%B5%D0%BB%D0%BE%D1%81%D0%B8%D0%BF%D0%B5%D0%B4

■ Друго

Текст;

Слики

https://instagram.com/opstinacentar?igshid=MzRlODBiNWFlZA==

o. Чаир

■ Нема

p. Чучер-Сандево

q. Шуто Оризари

■ Нема

22. **Прашање бр 22:** Доставете ни информација дали општината во периодот 2022-2023 имала **посебен буџет за велосипедска или пешачка инфраструктура**? Ако да, колкав е тој буџет, колкав процент е од целиот општински буџет и колкав процент е од буџетот за улици и патишта?

a. Аеродром

b. Арачиново

■ Општината за периодот 2022-2023 година нема предвидено посебен буџет за велосипедска и пешачка инфраструктура, но ВО иднина не се исклучува Советот на Општината во буџетот се планира средства и за овие намени.

c. Бутел

■ Нема

d. Гази Баба -

■ Општината во периодот 2022-2023 има посебен буџет за велосипедска или пешачка инфраструктура во рамките на програмата за работа а Секторот за комунални дејности во износ од 15 милиони денари за 2023 година, кои треба да се реализираат

e. Ѓорче Петров

f. Зелениково

НЕМА

g. Илинден

h. Карпош

i. Кисела Вода

j. Петровец

k. Сарај

l. Сопиште

m. Студеничани

n. Центар - 0 бодови

- Општина Центар - Скопје нема посебен буџет за велосипедска или пешачка инфраструктура бидејќи истата е составен дел од буџетот за изградба на улици и патишта кој за 2023 година изнесува 81.000.000,00 денари од вкупниот буџет кој изнесува 740.132.000,00 денари

o. Чаир

- Според буџетот на Општина Чаир за 2022 година, пешачките патеки припаѓаат во буџетската ставка 482130 каде се предвидуваат и други активности, како што се изградба и реконструкција на улици и патишта. Вкупниот буџет од оваа ставка изнесува 19.000.000 денари

p. Чучер-Сандево

q. Шуто Оризари

- Нема

23. **Прашање бр 23:** Доставете ни информација за активности за **субвенционирање за купување или поправка на средства за микромобилност** кои општината ги спровела во периодот од јануари 2022 година заклучно со март 2023 година. Ве молиме доставете ни информација за вкупен буџет за субвенционирање, за максималниот износ на субвенцијата која можело да ја добие едно лице и колку повици за субвенционирање биле објавени во наведениот период.

a. Аеродром 4 бодови - четири параметри од методологијата

- За субвенционирање на велосипеди и тротинети, општината за 2022 година има издвоено 1.680.000,00 денари, и истата сума, е планира за 2023 да се поделат средства финансиски од буџетот

Општина Аеродром во буџетот во делот на Прогрмата за животна средина и природа предвидува одредени финансиски средства кои ги користи за надоместување на дел од трошоците на граѓаните на општина Аеродром за купување на велосипеди и електрични тротинети. И тоа за:

- **<u>2019година</u>**

**Вид на субвенција: велосипеди**

**Вредност на субвенција: 703.103,00**

**Број на корисници: 285**

- **<u>2020година</u>**

**Вид на субвенција: велосипеди**

**Вредност на субвенција:1.680.000,00**

**(Јавниот повик е завршен, има пристигнато 448барања, од кои 6 ќе се одбијат)**

- **2021година**

**Вид на субвенција: велосипеди**

**Вредност на субвенција:1.680.000,00**

**(Вкупно се  пристигнати 423барања, од кои 3барања не се уредни)**

- **2022година**

**Вид на субвенција: велосипеди и електрични тротинети**

**Вредност на субвенција:1.680.000,00**

**(за велосипеди 392 барања сеуредни, 4 барања се неуредни, а за електрични тротинети 105 барања сеуредни, 16 барања се неуредни )**

**И за тековнава година предвидени се финансии за надоместување на дел од трошоците на граѓаните за субвенционирање на велосипеди и електрични тротинети.**

■

b. Арачиново

■ Општина за досега нема превземено активности за субвенционирање купување или или поправка на средства за микромобилност.

c. Бутел

■ Нема

d. Гази Баба - 3 бодови - три параметри

■ Субвенционирање … за купување велосипед за 2023. Проект за кој од буџетот на Гази Баба се одвоени 700.000,00 денари. Лицето добива субвенција - половина од износот на велосипедот кој го купува.

e. Ѓорче Петров

f. Зелениково

НЕМА

g. Илинден  3 бодови - три параметри

■ Општина Илинден донесе Програма за финансиска подршка на целни групи на граѓани согласно која беше предвидено еднократна парична помош за набавка на велосипеди на лица со постојано место на живеење на територијата на Општина Илинден. Износот кој Општина Илинден го доделува како финансиска помош за набавка на велосипед изнасува 50% од сумата за која е купен велосипедот односно до максиимум 4.000,00 денари по велосипед, а вкупниот буџет предвиден а оваа намена за 2023 година е 500.000 денари. Во наведениот период беше објавен еден јавен повик за субвенции за ввлосипеди.

h. Карпош - 1 бод - еден параметар

■ **22.** Општината има издадено субвенции за купување на велосипеди и електрични тротинети.

i. Кисела Вода

j. Петровец

k. Сарај

l. Сопиште

m. Студеничани

n. Центар  - 5 бодови - пет параметри, иако немаше субвенција за сервис во 2023

■ Цел Центар на точак!

■ Општина Центар-Скопје е првата Општина – пионер, што во 2014 година започна со спроведување на проектот „Цел Центар на точак", кој што континуирано се спроведува 9

години по ред со успешни резултати. Проектот „Цел Центар на точак" има за цел субвенција на жителите на Општината за купен велосипед, во вредност од 30% од сумата за платен велосипед но најмногу до 3.000,00 денари.

- Отворена е координативна канцеларија за проектот и се води База на податоци за евидентирање на барањата од граѓаните за субвенција.
- Активностите опфаќаат:
- - медиумски настани за промоција на проектот и активностите,
- - печатење на промотивен материјал и
- - одржување на настани и манифестации за стимулирање на велосипедизмот
- како здрава навика за превоз.

- **Резултати: 5000 велосипеди**
- (На почетокот, интересот кај граѓаните за субвенции за нов велосипед беше многу голем, но во текот на годините, заради спроведување на проект во Град Скопје и во другите Општини, интересот почна да опаѓа.)

- Е-велосипед и Е-тротинет
- Се со цел на подобрување на условите за користење на алтернативни превозни средства и се поголемата популарност на користење на електрични велосипеди и електрични тротинети Општина Центар-Скопје, во 2019 година започна со нов проект за субвенција на жителите на Општина Центар за купување на нови електрични велосипеди и нови електрични тротинети.Проектот има за цел субвенцирање за купени нови Е-велосипеди и Е-тротинет во вредност од 30% од сумата за платени Е-велосипеди и Е-тротинети, но најмногу до 3.000,00 денари.
- Во рамките на проектот, спроведени се серија активности:
- - одбележување на Европска недела на мобилност,
- - медиумски настани за промоција на проектот и активностите,

- печатење на промотивен материјал и

- - одржување на настани и манифестации за стимулирање на велосипедизмот како здрава навика за превоз.
- **- Резултати: само 120 електрични тротинети**
- Во програмата за заштита на животната средина и природата - Р на Општина Центар – Скопје за 2023 година, за прв пат се воведува и Поправка на велосипеди, резервна или дополнителна опрема Се со цел да се стимулираат граѓаните на Општина Центар- Скопје да користат што повеќе велосипеди како превозни средства, планирано е да се спроведе субвенционирање на поправка на велосипеди како и купување на резервна или дополнителна опрема за велосипеди во вредност од 50% од сумата но најмногу до 1.000,00 денари. На почетокот на спроведување на проектот „Цел Центар на точак",интересот на жителите беше многу голем, така да за 2014 година буџетот за субвенционирање на купен нов велосипед изнесуваше 2.500.000,00 денари, а од нив беа реализирани 2.265.617,00 денари, додека за 2023 година буџетот изнесуваше 450.000,00 денари.

- СТАРТУВА ПРОЕКТОТ „ЦЕЛ ЦЕНТАР НА ТОЧАК".
- Придружи ни се! Качи се на точак за заштита на животната средина и помал метеж во сообраќајот. Пополни барање и приложи фискална сметка. За повеќе информации прочитај тука https://www.centar.gov.mk/?p=16742 или јави се на 3203-600 и 3203-693 Добиј субвенции за велосипед, електричен велосипед или електричен тротинет Биди фраер качи се на точак или вози тротинет. #ЦелЦентарНаТочак

o. Чаир

- Нема

p. Чучер-Сандево

q. Шуто Оризари

- Нема

24. **Прашање бр 24:** Доставете ни информација дали општината има изведено некаква велосипедска инфраструктура или проект **финансирани од надворешен соработник** (домашна или меѓународна организација, институција, компанија итн.) и, ако да, кој проект, со кој соработник и во која сума?

a. Аеродром 0.5 бод - не е инфраструктура

- Општината нема изведено веслосипедска инфраструктура во последниот период, и нема изведено проект фианасиран од надворешен соработник

- Во рамките на проектот „Здрави навики за здрава околина", спроведуван од Центарот за истражување и креирање политики и финансиран околина", и финансиран од Шведска преку Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), беа набавени 10 велосипеди кои беа донирани за потребите на учениците од ООУ„Ѓоргија Пулевски".

b. Арачиново

- Досега од надворешен соработник Општината нема изведено ваков вид на инфраструктура.

c. Бутел

- Нема

d. Гази Баба

- Нема

e. Ѓорче Петров

f. Зелениково

НЕМА

g. Илинден

h. Карпош - 2 бодови - повеќе проекти

- **23.** Да. Проектот „Зелена рута – Карпош" (Green route – Karpos) е финансиран од во рамки на проектот "Поддршка на локалните самоуправи на Северна Македонија во промоција на одржлива урбана мобилност" од страна на **Германската агенција за меѓународен развој - GIZ и Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија - ЗЕЛС**. Вкупна сума на проектот е 12.500 Евра, од кои 7.500 Евра донација и 5.000 Евра сопствено учество на општината. Со проектот обележана е и реконструирана велосипедска патека која ги поврзува игралиштето во Влае и Адреналинскиот парк, направена е реконструкција на пристапни скали и рампа за велосипеди, поставено е соларно дрво за полнење на електрични тротинети, велосипеди, мобилни итн. и набавени се 6 електрични тротинети за подобрена мобилност на општинската администрација. Дополнително, од истите донатори изработен е и публикуван и План на активности за одржлива урбана мобилност на Општина Карпош. Линк до информација за проектот: КАРПОШ МЕЃУ ОПШТИНИТЕ-ЛИДЕРИ ВО УРБАНА МОБИЛНОСТ - Karpos.gov.mk

- Потпишан меморандум линк: ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА УРБАНА МОБИЛНОСТ - Ohrid.gov.mk

- Планот на активности за одржлива урбана мобилност на Општина Карпош е достапен на следниов линк: pdfresizer_com-pdf-resize.pdf (karpos.gov.mk)

i. Кисела Вода

j. Петровец

k. Сарај

l. Сопиште

m. Студеничани

n. Центар - 0 бодови

- Општина Центар-Скопје нема изведено велосипедска инфраструктура или проект финансирани од надворешен соработник (домашна или меѓународна организација, институција, компанија итн., до сега од причина што не се створиле услови за тоа.

o. Чаир - 0.5 бод

- Еразмус+, вклучени се четири држави: Италија, Португалија, Шпанија и Северна Македонија, во вредност од 8.000евра. Активностите имаат едукативна цел;

p. Чучер-Сандево

q. Шуто Оризари

- Нема

25. Доставете ни информација според последните мерења:

a. Вкупен број на жители во општината

- Аеродром
  1. 77.735
- Арачиново
  1. 12.700 жители
- Бутел
  1. 37.968
- Гази Баба
  1. 69.626
- Ѓорче Петров
- Зелениково
  1. 3.560
- Илинден
  1. 17.345
- Карпош
  1. 63.715 жители според пописот во 2021 година
- Кисела Вода
- Петровец
- Сарај
- Сопиште
- Студеничани
- Центар

45.412 жители, со што се наоѓа на седмото место во Скопје. Општината се протега на површина од околу 8 км2.

- Чаир
  1. 62.586 лица
- Чучер-Сандево

- Шуто Оризари
  1. 25.726

b. Вкупен број на улици и/или површина на улици во општината (по должина или квадратура)

- Аеродром
- Арачиново
  1. н.м.Арачиново околу 20 000 м3; с.Орланци 5000 м3; с.Грушино 5 000 м и с. Мојанце околу 2600 м.
  2.
- Бутел
  1. 226 км
- Гази Баба
- Ѓорче Петров
- Зелениково
  1. 40 КМ
- Илинден
  1. 310 км
- Карпош
  1. 18 км локална патна мрежа во 2021 година
- Кисела Вода
- Петровец
- Сарај
- Сопиште
- Студеничани
- Центар
  1. Согласно податоците од ЈП „Улици и патишта" должината на сообраќајниците во општините на град Скопје изнесува над 600 km од кои на Општина Центар –Скопје припаѓаат 68 km.
  2. На територија на Општина Центар се наоѓаат 29 собирни улици со вкупна должина од 23,557 km. Сервисно – станбени улици во Општина Центар-Скопје има вкупно 144 распределени во 12 населби.
- Чаир
- Чучер-Сандево
- Шуто Оризари
  1. ~30 км

c. Годишен буџет за секоја од последните 5 години посебно

- Аеродром
- Арачиново
- Бутел
- Гази Баба
- Ѓорче Петров
- Зелениково

  НЕМА
- Илинден
- Карпош
- Кисела Вода
- Петровец

- Сарај
- Сопиште
- Студеничани
- Центар
- Чаир
- Чучер-Сандево
- Шуто Оризари

26. Екстра прашање за победник во категоријата за **„најамбициозна општина со најамбициозен градоначалник за остатокот на градоначалничкиот мандат"** - заедно ќе биде одлучен победникот

a. Аеродром: -

- Во рамките на проектот Патокоз за Нашата еко-паметна општина, финансиран од Амбасадата на САД во Скопје, а спроведуван од Центар за климатски промени-Гевгелија, имплементиран во Општина Аеродром ќе биде поставена фотоволтаична постројка за полнење на електрични тортинети. (планирано истата да се постави пред ТЦ.„Капитол", во моментот е поднесено барање за поставување на урбана опрема до Град Скопје). - *за микромобилност е, ама не за велосипеди*

b. Планирано е изградба на нов сквер позади ТЦ.„Капитол" и во рамките на истиот има планирано да се постават околу 6 нови вело паркинзи. *- нема информации за рок или буџет*

c. На општинската страна е објавено дека се планира да се воведат услуги за изнајмување на електрични велосипеди и електрочни тротинети, поставување на полначи за електрични автомобили, преку напредно-технолошки проект реализиран преку јавно-приватно партнерство, чија цел е преку моќта на технологијата да создаде поврзана, одржлива и помодерна општина. По носење на одлука на Совет на Општина Аеродром и завршување на повикот за јавно-приватно партнерство официјално ќе почне конечната реализација на проектот кој ќе даде нова енергиј на иднината и модерното живеење во општината. Со овој проект Општина Аеродром ќе биде вистински примерна локалната самоуправа која поддржува иновации и промовира одржливост. *- нема информации за рок или буџет*

d.

e. Карпош -

- 26. Се планира континуирано одржување на сите велосипедски патеки и паркинзи за велосипеди, поставување на нови паркинзи за велосипеди на локации каде сеуште не се поставени, продолжување на субвенциите за велосипеди и електрични тротинети секоја година, како и набавка на нови електрични тротинети за потребите на општинската администрација. *- нема информации за рок или буџет*

f. Центар -

- Одговор 1:

Апликацијата на Општина Центар- Скопје е избрана за изработка на Локален план за енергија и клима, во рамките на објавениот повик за избор на 3 општини во Република Македонија за кои ќе се изработи Локален план за енергија и клима (ЛПЕК).

- Одговор 2:

Планското градење, безбедноста и заштитата на јавниот интерес се едни од главните принципи за хумано живеење по кое се води Општина Центар-Скопје.. Согласно урбанистичката

стратегија ќе се понудат квалитетни решенија за изградба на нова велосипедска инфраструктура и на нови вело-патеки за потребите на граѓаните и жителите во Центар. Намалување на коловозните површини и зголемување на пешачките патеки, ослободување на јавните површини од нерезидентните паркирани возила, воведување на резидентен паркинг и нов систем на модернизација на јавното осветлување, се стандарди што ќе се имплементираат и на другите поголеми улици на подрачјето на Општина Центар- Скопје. До крајот на 2025 година покрај улицата Ленинова од двата крака и сите следни изградени улици, ќе бидат пример за стимулирање на алтернативниот сообраќај во Центар.

Градоначалнико м-р Горан Герасимовски и самиот е активен учесник во алтернативниот сообраќај и иницијатор на проекти што имаат цел да ја зголемат велосипедската култура за #ЗеленЦентар и за #ВелоЦентар. До крајот на градоначалничкиот мандат се планира зголемување на буџетските средства за субвенции на велосипеди и други алтернативни решенија, нови модули на велосипедски паркинг во Центар со уникатен дизајн, едукативни проекти во образованието за подигнување на јавната свест за придобивките од користењето на велосипедот како превозно средство, соработка со невладини организации, подобрување на меѓуопштинската соработка за подобрување на велоспидската инфраструктура и сообраќајно поврзување за подобрување на велосипедската мрежа.

Новата стратегија ќе креира подобра визија за велосипедска мрежа во Центар и нејзина инфраструктурна имплементација, која што ќе овозможи зголемена безбедност во сообраќајот и промовирање на велосипедската култура.

Слики:

Со младите од ВК „Енерџи‟ имавме одлична дружба во Паркот на Франкофонија. Потребата од секојдневно возење велосипед се почесто се наметнува, а ние работиме на проширување на велосипедската мрежа.,

# Прилози на анализата

Во продолжение се поставени оргиналните одговори од општини, кои се користени за оваа анализа.

- **Аеродром**

**ОПШТИНА АЕРОДРОМ ISO 9001:2015**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
бр. 30-3546/2
[illegible] год.
СКОПЈЕ

До
Службени лица за обезбедување пристап
до информации од јавен карактер
Гордана Ацеска
Мики Делетиќ

Предмет:
Одговор врз основа на Барање информација од јавен карактер

Почитувани,

Врз основа на доставено Барање за информација од јавен карактер заверено под број 30-3546/1 од 10.05.2023 година, во кое лицето Мери Балкова по електронски пат доставила Барање за пристап на информација од јавен карактер.

Врз основа на Барањето и поставените прашања за изградба на велосипедски патеки, паркинзи за велосипедски патеки, поставени на јавни површини велосипедски патеки, планирани проекти, на територија на Општина Аеродром. Ве известуваме дека Општина Аеродром нема изведено велосипедски патеки по улиците на нејзина територија, во самата планска документација не се предвидени односно планирани за нивна изградба.

Ви благодариме на соработката!
Со почит,

Скопје, 19.5.2023

Советник за инфраструктурни објекти и проекти
Жарко Костески

Раководител на Одделение за комунални работи
и заштита на животна средина
Дејан Антовски

Општина Аеродром Бул. Јане Сандански бр.109 Б 1000 Скопје
Одделение за комунални работи и заштита на животна средина
тел. +389 (0)2 2401-533, Факс: +389 (0)2 2401 546
www.aerodrom.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Бр. 30-3596/4
17-06-2023 год.
СКОПЈЕ

До
Службени лица за обезбедување пристап
до информации од јавен карактер
Гордана Ацеска
Велимир Делетиќ

Предмет:
Одговор врз основа на Барање информација од јавен карактер

Почитувани,

Прашања:

1. Доставете ни информација за поставени паркинзи за велосипеди и капацитет на поставените паркинзи во рамки на институциите под директна надлежност на општината (општина, јавни претпријатија, училишта, градинки, пазари, библиотеки и сл.) во периодот октомври 2021 - април 2023. Ве молиме за информација одделно по институција.
- Одделение за комунални работи и заштита на животната средина нема информација за поставени паркинзи за велосипеди и нивни капацитет.
2. Доставете ни информација за процент на институции под директна надлежност на општината во кои се поставени паркинзи за велосипеди во однос на вкупниот број на институции под директна надлежност на општината.
- Одделение за комунални работи и заштита на животната средина нема информација
3. Доставете ни информација за поставени паркинзи за велосипеди и капацитет на поставените паркинзи, поставени на јавни површини (плоштади, пренаменети постоечки паркинг места за автомобили, паркови, игралишта, шеталишта, автобуски постојки, автобуски/железнички постојки и станици, итн.) во периодот октомври 2021 - април 2023. Ве молиме за информација одделно по тип на јавна површина.
- Поставени се паркинзи за велосипеди позади ТЦ Бисер на јавна површина.
4. Доставете ни информација за проект или изградена нова велосипедска патека или лента во периодот 2022-2023? Каде и кои се нејзините димензии (име на улица, ширина на велосипедска патека/лента по насока, во колку насоки е лентата и која е вкупната должина)? Која е подлогата на патеката/лентата. Во случај улицата да има променлива велосипедска патека/лента пишете ги вкупните димензии на секој тип одвоено.
- Немаме изградено велосипедска лента во општината. На булеварите кои поминуваат низ територија на општина Аеродром има изградено велосипедски ленти под надлежност на Град Скопје.
5. Доставете ни информација за проект или изградена нова велосипедска рекреативна патека во периодот октомври 2021 - април 2023. која не се користи за урбан транспорт, памптрек, сообраќаен полигон за велосипеди или слична спортско-рекреативна / сообраќајно едукативна инфраструктура која не служи за урбан транспорт и не поврзува сообраќајна инфраструктура ?
- Извршена е реконструкција на сообраќајниот полигон во ООУ Ѓорѓија Пулевски велосипедски.

Општина Аеродром Бул. Јане Сандански бр.109 Б 1000 Скопје
Одделение за комунални работи и заштита на животна средина
тел. +389 (0)2 2401-533, Факс: +389 (0)2 2401 546
www.aerodrom.gov.mk

6. Доставете ни информација за број на реализирани дополнителни инвестиции во велосипедска или пешачка инфраструктура во периодот октомври 2021 - април 2023 (инсталирано бројачи на велосипеди, поставено нови улични чешми, систем за изнајмување велосипеди, поставено столпчиња, анализа на учесниците во сообраќајот на некоја своја раскрсница или јавен простор, ослободено пешачка/велосипедска инфраструктура од паркирани возила, средства за смирување на сообраќајот, сообраќаен полигон за велосипеди, итн.). Доставете ни информација одделно по тип на реализирана инвестиција.

- Општината нема направено инвестиции во велосипедска инфраструктура и пешачка.

7. Доставете ни информација за мерки кои општината ги преземала за зголемување на безбедноста на велосипедистите на улиците (на пр. со поставување физички бариери како столпчиња, зеленило, бетонски ѕид; со споделен простор на кој возилата се приморани да возат споро бидејќи улицата има физички препреки и приоритет имаат велосипедите; со подигнати патеки; со цртање лента меѓу коловозот и велосипедската инфраструктура итн.) во периодот од октомври 2021 - април 2023. Ве молиме за информација одделно за секоја улица на која се применети некои мерки и кои се под надлежнсот на општината.

- Немаме информација

8. Доставете ни ги активностите за комуницирање на активности за велосипедска инфраструктура и планови за улиците (соопштенија пред изведба, јавни расправи во фаза на планирање, веб анкети во фаза на планирање итн.) кои изготвила и споделила во периодот од октомври 2021 - април 2023.

- Немаме информација

9. Ве молиме доставете ни ги начините на кои општината ги споделила активностите од прашањето 8 (на пр. споделување со медиуми, објава на социјални мрежи, објава на веб страна и сл.).

- Немаме споделено активности во однос по прашање под број 8.

10. Доставете ни ги проектите (назив и цел на проектот) поврзани со велосипедскиот сообраќај кои ги изработила општината во периодот од октомври 2021 - април 2023, а кои се уште не започнале да се реализираат.

- Општината нема изготвено проектна документација во наведениот период за велосипедски сообраќај.

11. Доставете ни информација за периодот кога општината планира да го започне спроведувањето на проектите од прашањето 10. Ве молиме за информација одделно за секој проект.

- Таква информација немаме, во самата планска документација ако се планирани велосипедски патеки истите во иднина ќе се изведуваат.

12. Доставете ни информација дали општината учествува во меѓуопштински или меѓуинституционален проект за изведба на велосипедска инфраструктура која би ја поврзала општината со соседните општини и/или центарот на градот? Ако да, Ве молиме наведете кој е тој проект.

- Општината нема учествувано во меѓуопштинска соработка или со меѓуинституционален проект за изведба на велосипедска инфраструктура.

13. Доставете ни информација дали во новите урбанистички документации кои ги носи општина, досега се давани насоки за воведување велосипедски патеки/ленти, за пошироки тротоари од минималните, потесни коловозни ленти, или поточно подобрување на стандардите за урбана мобилност споредено со претходни документации? Ако да, посочете ни донесени документации со таков стандард и документации во процедура (имиња на плановите). Посочете на предвидената должина, широчина на велосипедски патеки/ленти и пошироки тротоари/потесни коловозни ленти споредено со претходна документација и дали има воведување велосипедски

патеки/ленти каде што немало или зголемување на уличен профил заради зголемување на улично зеленило. (да се наведат улиците и урбанистичката документација).

- Нема таква информација, велосипедската инфраструктура и нејзиното планирање треба да е содржана во самата планска документација.

14. Доставете ни информација дали општина ги обврзува инвеститорите да обезбедуваат паркинг за велосипеди во новите објекти? Ако да, по кој стандард и со која одлука? Дали имате да споделите пример на изведен приватен објект според тие стандарди? Дали е 100% применето кај сите инвеститори?

- Немаме информација

15. Доставете ни информација за број на спроведени инспекциски надзори во периодот од октомври 2021 - април 2023 во кои било утврдено прекршување на правилата за обезбедување паркинг за велосипеди од прашањето 14.

- Немаме информација

16. Доставете ни го важечкиот подзаконски акт во кој се пропишани стандарди за изгледот на велосипедските патеки и ленти во однос на коловозот и тротоарите. Доставете ни информација за урбанистичките планови кои се изработувале и/или биле во важност во периодот од октомври 2021 - април 2023 во кои се применети подзаконски акти за стандарди за изгледот на велосипедските патеки и ленти. Доставете ни ги стратешките и плански документи на општината кои важеле во периодот од од октомври 2021 - април 2023, а во кои се обработува прашањето за велосипедскиот сообраќај и/или вклучуваат визија, план, буџет или некои други мерки поврзани со велосипедскиот сообраќај.

- Немаме информација

17. Доставете ни информација дали јавните претпријатија во општината (за одржување хигиена, зеленило, инфраструктура, паркинг, итн.) имаат посебен фокус за потребите на велосипедистите или самите тие употребуваат велосипеди во секојдневните работни активности?

- Немаме информација

18. Доставете ни информација дали општината води каква било статистика поврзана со урбан велосипедизам (Колкав процент од вкупниот сообраќај припаѓа на велосипедскиот, колку вкупно велосипеди се набавени со општинска субвенција, број на организирани настани, колку километри инфраструктура е изведена, колку жртви се велосипедисти, колку кражби на велосипеди, колку паркинзи се поставени, итн.)?

- Општината не води статистика поврзана со урбан велосипедизам.

19. Доставете ни информација дали велосипедската инфраструктура е промовирана од Општината како дел од својата туристичка понуда? Ако да, на кој начин?

- Општината нема велосипедска инфраструктура изградена

20. Доставете ни информација дали постои и каква е комуникацијата со граѓанскиот сектор од 1 до 10, во контекст на соработката за подобрување на велосипедската инфраструктура, со цел придонес во програмите и мерките за зголемување на учесниците во сообраќајот со велосипеди?

- Немаме информација за соработка со граѓанскиот сектор

21. Доставете ни информација за активностите/кампањите кои ги имате реализирано за подигнување на јавната свест за безбедноста на движењето на учесниците од ранливите групи во сообраќајот или за поттикнување употреба на активен транспорт преку превозни средства за микромобилност (велосипеди, тротинети, и сл.) во периодот од октомври 2021 - април 2023.

- Општина Аеродром има вршено субвенционирање на велосипеди и тротинети

